Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08 - 382/1
27.04 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
Друштвата за осигурување во РС Македонија
Предмет: Примена на МСС 12 и прикажување на ефектите во билансот на состојба и Извештајот за нереализирани добивки/ загуби од вложувања

Почитувани,

Одложените даночни средства и одложените даночни обврски произлезени од одбитните или оданочивите времени разлики меѓу сметководствената вредност на одредено средство/обврска и неговата даночна основа се регулирани со МСС 12- Даноци на добивка кој е составен дел на Правилникот за водење на сметководство („Службен весник на Република Македонија" бр. 159/09, 164/10 и 107/11).

МСС 12 (и останатите МСФИ/МСС), во нашата сметководствена пракса, е во примена од 2004 година како составен дел на претходниот Правилник за водење на сметководство („Службен весник на Република Македонија" бр.94/04, 11/05 и 116/05) како и на новиот Правилник за водење на сметководство кој се применува од 2010 година.

Според Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/,14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/2016 и 61/2016), единствената сметководствена основа за македонските друштва се Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се составен дел на Правилникот за водење на сметководство, така што исправно сметководствено постапување е примената на МСС 12 за целите на финансиско известување, односно евидентирање на одложени даночни средства и одложените даночни обврски произлезени од одбитните или оданочивите времени разлики меѓу сметководствената вредност на одредено средство/обврска и неговата даночна основица.

Drejtuar
Shoqërive të Sigurimeve në R. e Maqedonisë së Veriut
Lënda: Zbatimi i SNK 12 dhe paraqitja e efekteve në bilancin dhe në Pasqyrat e fitimeve/humbjeve të parealizuara në investime

Të nderuar,

Aktivet tatimore të shtyra dhe detyrimet tatimore të shtyra që vijnë nga diferencat e përkohshme të zbritshme ose të tatueshme midis vlerave kontabël të një aktivi/pasivi të caktuar dhe bazës së tij tatimore rregullohen nga Standardet Ndërkombëtare të Kontabilitetit- SNK 12 - Taksat e të Ardhurave që është pjesë integrale e Rregullores të Kontabilitetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 159/09, 164/10 dhe 107/11).

SNK 12 (dhe SNRF/SNK), në praktikën tonë të kontabilitetit, është zbatuar që nga viti 2004 si pjesë integrale e Rregullores së mëparshme për Kontabilitetin ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 94/04, 11/05 dhe 116/05) si dhe Rregullorja e re për Kontabilitetin e cila zbatohet që nga viti 2010.

Sipas Ligjit për Shoqëritë Tregtare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12 , 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38 /, 14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/2016 dhe 61/2016), e vetmja bazë e kontabilitetit për shoqëritë apo kompanitë maqedonase janë Standardet Ndërkombëtare të Raportimit Financiar të cilat janë pjesë integrale e Rregullores së Kontabilitetit, në mënyrë që praktika e duhur e kontabilitetit të jetë aplikimi i SNK 12 për qëllime të raportimit financiar, respektivisht evidentimin e aktiveve të tatimeve të shtyra dhe detyrimeve tatimore të shtyra që dalin nga zbritjet ose diferencat e përkohshme të tatueshme midis vlerës kontabël të një aktivi/pasivi të caktuar dhe të bazës së tij tatimore.

Кај друштвата за осигурување кои имаат финансиски вложувања класифицирани како расположливи за продажба согласно МСС 39- Финансиски инструменти: признавање и мерење можат да се појави нереализирана добивка од финансиски инструменти категоризирани како расположливи за продажба, која ја признаваат и евидентираат во финансиските извештаи како ревалоризациони резерви од финансиски вложувања (БС; АОП 093). За оваа нереализирана добивка од финансиски вложувања друштвата за осигурување имаат обврска да пресметуваат обврски за одложен данок на добивка, а согласно МСС 12.

Нереализираната добивка од финансиски вложувања треба да се прикаже во Извештајот за нереализирани добивки/ загуби од вложувања (НеРД(З)одВ) во колоната 9- Ревалоризациона резерва (состојба) во вкупен износ (100%), а додека пак во Билансот на состојба треба да се прикаже 90% од износот на позиција АОП 093- Ревалоризациона резерва од Финансиски вложувања и 10% од износот на позиција АОП 118- Одложени даночни обврски.

Имајќи го предвид горенаведеното, Ви посочуваме дека за целите на финансиско известување друштвата за осигурување задолжително треба да го применуваат МСС 12.

**Со почит,**

**Претседател на Советот на експерти**
**Крсте Шајноски**

Shoqëritë e sigurimeve që kanë investime financiare të klasifikuara si të disponueshme për shitje në përputhje me SNK 39 - Instrumentet Financiarë: njohja dhe matja, mund të paraqitin fitimet e parealizuara në instrumentet financiare të disponueshëm për shitje, të cilat ata i njohin dhe regjistrojnë në pasqyrat financiare si rivlerësim të provigjoneve nga investimet financiare (BS; AOP 093). Për këtë fitim të parealizuar në investimet financiare, nga shoqëritë e sigurimeve kërkohet të llogarisin detyrimet e tatimit mbi fitimin e shtyrë në përputhje me SNK 12.

Fitimi i parealizuar nga investimet financiare duhet të paraqitet në Raportin për fitimet/humbjet e parealizuara nga investimet në kolonën 9 - Rezerva e rivlerësimit (bilanci) në shumën totale (100%), ndërsa në Bilancin e gjendjes duhet të tregohet 90% e shumës së pozicionit AOP 093- Rezerva e rivlerësimit nga investimet financiare dhe 10% e shumës së pozicionit AOP 118- Detyrime të shtyra tatimore.

Në funksion të sa më sipër, Ju theksojmë se për qëllime të raportimit financiar, shoqëritë e sigurimeve duhet të zbatojnë SNK 12.

**Me respekt,**

**Kryetari i Këshillit të Ekspertëve**
**Kërste Shajnoski**